Уп. бр. 08-95

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Аустротерм ГмбХ, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 15.07.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Аустротерм ГмбХ, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, стекнува одредени средства кои се припишуваат на дејноста со изолација (односно работењето со експандиран полистирен) на Бруча Геселшафт м.б.Х., со седиште на Рустерштрасе 33, 3451, Мишелхаусен Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 18.06.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Аустротерм ГмбХ, со седиште на Петер Шмид-Гасе 1, 7423, Пинкафелд, Австрија, со која Аустротерм ГмбХ стекнува одредени средства кои се припишуваат на дејноста со изолација (односно работењето со експандиран полистирен) на Бруча Геселшафт м.б.Х., со седиште на Рустерштрасе 33, 3451, Мишелхаусен Австрија,„

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием

и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Аустротерм ГмбХ** е главно активно во производството и продажбата на изолациски материјали изработени од експандиран полистирен ["ЕПС (*EPS*)"] и екструдиран полистирен ["КСПС (*XPS*)"), што се користат како материјали за изолација за згради, но со различни области на примена. Портфолиото на производи на Аустротерм ГмбХ е заокружено со фасадни профили и градежни табли за обложување подови и ѕидови.

Аустротерм ГмбХ е дел од Шмид Индустрихолдинг Г.м.б.Х. (*Schmid Industrieholding GmbH*), Австрија ("ШИХ"). Преку своите поврзани друштва, ШИХ е активно во различни сектори, вклучително и екстракција на суровини (главно ископување варовник, талк); производство на цемент; материјали за градежната индустрија (како што се бои, монтажни производи, облоги, малтери, изолација, штуко, полнила, тула, цемент, бетонска индустрија); трговија, печки за складирање, рекламна индустрија и опрема за лов.

ШИХ има една подружница регистрирана во Северна Македонија, БАУМИТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Јадранска Магистрала 165, Скопје, Северна Македонија, со основна дејност 46.73 – трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема.

**Бруча Геселшафт м.б.Х.** е австриски семеен бизнис кој произведува висококвалитетни материјали за изолација за индустриски и комерцијални објекти. Неговиот фокус е ставен на0 изолациските панели за широк спектар на примени (ѕидови, фасади, покриви), простории за ладење и врати за ладење. Бруча Геселшафт м.б.Х., исто така, произведува мала количина на изолациски панели од експандиран полистирен на својата локација во Мишелхаусен, Долна Австрија. На 30 април 2024 година, Бруча Геселшафт м.б.Х. ја има завршено својата постапка за реструктуирање на должник во стечај отворена на почетокот на годината во Регионалниот суд во Сент Пелтен со план за реструктуирање. Како дел од овој план, Бруча Геселшафт м.б.Х. се реструктуира за да може да се фокусира на својата "основна дејност", т.е. изолациски панели, ќелии за ладилници и врати за ладење во иднина.

Бруча Геселшафт м.б.Х нема претпријатија-ќерки, активности ниту приходи во Северна Македонија.

Целните средства го сочинуваат целиот имот на Бруча Геселшафт м.б.Х. наменет за работењето со експандиран полистирен ("ЕПС") на локацијата Мишелхаусен.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за*

*заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**